Универзитет “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

Број: 01-216/1

Датум 30.1.2006 година

С К О П Ј Е

Врз основа на член 32 од Статутот на Електротехничкиот факултетот-Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 25.1. 2006 година, донесе

# Правилник
## за постапката на пријавување и одбрана на дипломски труд

Член 1

Завршниот испит, се состои од изработка и јавна одбрана на дипломски труд.

Пишаниот дипломски труд, претставува самостојна работа на студентот која покажува дека методолошки правилно ги обработува теориските и практичните проблеми како и дека владее со основните методи на развојната и истражувачка работа, при што самостојно ползува литература.

Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од јавна презентација на трудот од страна на кандидатот, при што тој се користи со најразлична опрема што е во функција на појасно презентирање на трудот, како и со одговарање на прашања поставени од страна на комисијата во врска со проблематиката што е предмет на трудот.

Член 2

Дипломскиот труд се пријавува од наставно-научна област што се негува на Електротехничкиот факултет и се работи под надзор на ментор.

Менторот од став 1 на овој член е наставник кај кој студентот слушал и полагал барем еден предмет, или наставник што го презел предметот од наставник што повеќе не предава на Факултетот.

Наставникот што е предложен за ментор мора да биде избран и вработен на Факултетот.

Член 3

Дипломскиот труд може да се пријави доколку студентот ги положил сите испити предвидени со наставните планови и програми, односно со студиските и предметните програми на насоката што ја има запишано.

Член 4

Студентот може да избере тема за дипломски труд доколку ги ислушал сите предмети предвидени со наставните планови и програми, односно со студиската и предметна програма што ја има запишано и има најмногу два неположени испити.

Член 5

Студентот, темата за дипломскиот труд може да ја избере од предложената листа на наслови, односно области за изработка на дипломски труд.

Член 6

Листата на теми за изработка на дипломски труд ја усвојува Наставно-научниот совет на Факултетот на почетокот на учебната година и се однесува за студентите што пријавуваат дипломски труд во следната календарска година.

Член 7

Наставниците предлагаат листа од најмногу 15 теми за изработка на дипломски труд.

Доколку се исцрпат најмалку 70% од сите предложени теми, наставниците можат да предложат дополонителна листа од по најмногу десет теми.

Листата на теми од став еден на овој член, по исклучок може да се ревидира во текот на учебната година.

Член 8

Евиденција околу изборот на темите за дипломски труд води продеканот за настава.

Член 9

Студентот пријавува тема за изработка на дипломски труд од предложените теми на посебен формулар (пријава) што е составен дел на овој Правилник.

Пријавата ја потпишува студентот и менторот. Изработката на пријавениот дипломски труд ја одобрува продеканот за настава и го определува датумот, кој не може да биде покус од 30 дена, кога студентот најрано може да го предаде трудот.

Член 10

Продеканот за настава, на предлог од менторот назначува комисија за прегледување и оценување на изработениот дипломски труд. Комисијата се состои од 3 члена.

Менторот е прв член на комисијата, а уште еден нејзин член е наставник или соработник од наставно-научната област од која е темата. Во составот на комисијата може да има најмногу еден соработник.

Во составот на комисијата од став 1 од овој член може да има најмногу еден афирмиран стручњак од областа од која се брани трудот, а кој не е избран наставник на Факултетот.

За афирмиран стручњак се смета лице кое најмалку три години работело на проблематиката што ја третира дипломскиот труд.

Член 11

Дипломскиот труд се изработува во рок од три месеци од датумот на одобрување на темата.

Студентот трудот го предава во три примероци отпечатени на хартија и еден примерок во електронска форма преку архивата на Факултетот до членовите на комисијата. Електронскиот примерок од дипломскиот труд се чува во библиотеката на Факултетот.

По исклучок, студентот може да изработи и предаде дипломски труд на англиски јазик. Доколку трудот биде напишан на англиски јазик студентот е должен еден примерок од трудот да достави на македонски јазик. Електронскиот примерок од трудот задолжително е на македонски јазик.

Член 12

Елементите што задолжително ги содржи дипломскиот труд им се даваат на студентите како шаблон во пишана или во електронска форма при земањето на обрасци за пријавување на дипломскиот труд од службата за студентски прашања.

Член 13

Одбраната на дипломскиот труд е јавна и е пред комисијата во полн состав. Во случај на спреченост на член на комисијата да присуствува на закажаната одбрана продеканот за настава на предлог од менторот одобрува замена за отсутниот член.

Член 14

Изработениот дипломски труд се прегледува од страна на членовите на комисијата и секој член одделно доставува писмена оценка за напишаниот дипломски труд до продеканот за настава. Составен дел на овој Правилник е образецот на извештај за оценка на напишаниот дипломски труд.

По правило, одбраната на дипломскиот труд се врши по истекот на седум работни дена сметано од денот на предавањето на изработениот дипломски труд.

Комисијата има должност во рок до 5 работни дена по приемот на трудот да го прегледа и оцени и образецот за оценка на напишаниот дипломски труд, пополнет, да го предаде на продеканот за настава.

Доколку сите оценки од членовите на комисијата се позитивни, продеканот за настава одобрува и закажува термин за јавна одбрана на трудот.

Негативната оценка за предадениот изработен труд, комисијата, по писмен пат со образложение ја доставува до студентот.

Дипломскиот труд што е негативно оценет не може да се брани.

Член 15

Завршниот испит се оценува со оценка од 5 до 10. Усната презентација на кандидатот е предмет на оценување од страна на членовите на Комисијата, а завршната оценка на дипломскиот труд е просечна оценка од поединечните оценки од писмениот дел и оценката од усната презентација на трудот.

Комисијата донесената оценката јавно ја објавува по завршената одбрана.

Оценката се внесува во записникот од одбраната, чиј образец е составен дел на овој Правилник.

Записникот го потпишуваат сите членови на комисијата.

Член 16

Оценката од завршното оценување на дипломскиот труд влегува во просекот на студирање на дипломираниот студент како оценка на еден испит (завршен испит).

Член 17

Студентот кој добил негативна оценка на завршниот испит или кој во предвидениот рок не предал изработен дипломски труд или добил негативна оценка при прегледот, има право да ја повтори постапката за полагање на завршниот испит, но со нова тема и со нов ментор.

Член 18

Овој Правилник важи за студентите што најрано апсолвирале во учебната 2005/2006 година.

Член 19

Студентите запишани пред влегувањето во сила на Статутот на Електротехничкиот факултет од 2001 година, а кои студираат според старите наставни планови и програми, или апсолвирале заклучно со учебната 2004/2005 година не полагаат завршн испит според одредбите на овој Правилник.

Одредбите од овој Правилник ќе почнат да се применуваат за студентите од став 1 на овој член доколку не дипломираат заклучно со 2007 година.

Член 20

Пријавувањето на дипломски туд, по искучок во 2006 година нема да биде од листата на теми, туку секој наставник може да биде ментор на најмногу 15 студенти во текот на 2006 година.

Член 21

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

Декан,
Проф. д-р Вангел Фуштиќ